**20161954421**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 74 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 I 172/16), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕМЕР НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Во Правилникот за премер на недвижности („Службен весник на Република Македонија „број 121/13,169/13, 95/15, 128/15, 157/16 и 176/16) во членот 73 по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) Доколку се утврди дека геодетскиот елаборат од ставот (1) на овој член има грешки во атрибутните, односно описните податоци, но не и грешки во просторните податоци, може да се изготви анекс на геодетскиот елаборат со кој анекс ќе се изврши корекција на атрибутните податоци. Во анексот треба да бидат содржани сите исправени податоци, а во техничкиот извештај да бидат наведени причините за исправката.“

Член 2

Гаражните места со отворена површина кои се наоѓаат надвор од затворениот гаражен простор, се предмет на премер и се означуваат како ГМ- гаражно место, доколку основното одобрение за градење е издадено пред влегувањето во сила на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за премер на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 157/16).

Член 3

Геодетските елаборати изготвени до 14.11.2011 година, кои не се во PDF фајл и не се потпишани со дигитален сертификат издаден од овластен издавач може да се скенираат, да се потпишат со дигитален сертификат издаден од овластен издавач и како такви да се достават на натамошна постапка.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-17324/5
17 октомври 2016 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Анета Јорданова**, с.р.